# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 4 Вторник, 4 Јуни 2024 Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**


**С О Д Р Ж И Н А**


1. *Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат*........................................................................................................................
2. *Одлука за давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот;* ***"Реконструкција на улица Јане Сандански во Демир Капија"***................................................
3. *Одлука за давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот;* ***"Реконструкција на улица во с.Чифлик, општина Демир Капија"***........................................
4. *Одлука за давање на трајно користење на Мултифункционална машина за чистење (метларка) на ЈПК БОШАВА Демир Капија*.........................................................................
5. *Одлука за траен отпис на даночно побарување од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија*..........................................................................................................
6. *Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година*...............................................................................
7. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2024 година*.................................................................
8. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред*............................................................................
9. *Решение за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница*....
10. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*..............................................................
11. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*..............................................................
12. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*..............................................................
13. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*..............................................................
14. *Решение за одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија*...........................................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат**

Се објавува Одлука за верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/1 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 155 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), член 5 од Статутот на општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/05) и член 3 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија" бр.08/05), Советот на општина Демир Капија на 34-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За верификација на мандат на член на Советот на општина Демир Капија за остаток на мандат**

**Член 1**

**СЕ ВЕРИФИКУВА** мандатот на членот на Советот на општина Демир Капија **МИРЈАНА ЈАНЕВСКИ** до остаток на мандатот на Советот, како нареден кандидат од листата на ВМРО-ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА "ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА".

**Член 2**

Мандатот на членот на Советот на општина Демир Капија се смета од 31.05.2024 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/3 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот: "Реконструкција на улица Јане Сандански во Демир Капија"**

Се објавува Одлука за давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот: **"Реконструкција на улица Јане Сандански во Демир Капија"**, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/2 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

За давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот: **"Реконструкција на улица Јане Сандански во Демир Капија"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот **"Реконструкција на улица Јане Сандански во Демир Капија"** за кој се обезбедени 100% финансиски средства преку Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу РСМ и Меѓународна банка за обнова и развој-Светска банка со број 9034-МК од 23.12.2019 и број 9210-МК од 01.07.2022 год..

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 3.764.902,00 денари.

Општина Демир Капија е корисник на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу РСМ и Меѓународна банка за обнова и развој-Светска банка со број 9034-МК од 23.12.2019 и број 9210-МК од 01.07.2022 год., Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта (Сл.веснк на РСМ бр.33 од 10.02.2020) и Меморандумот за разбирање бр.10-279/1 од 02.03.2020 година потпишан помеѓу Општина Демир Капија и Министерство за транспорт и врски .

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија"

Број 08 – 324/4
31.05.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот: "Реконструкција на улица во с.Чифлик, општина Демир Капија"**

Се објавува Одлука за давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот: **"Реконструкција на улица во с.Чифлик, општина Демир Капија"**, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/3
04.06.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

За давање согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот: **"Реконструкција на улица во с.Чифлик, општина Демир Капија"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за приоритетна инвестиција на под-проектот **"Реконструкција на улица во с.Чифлик, општина Демир Капија"** за кој се обезбедени 100% финансиски средства преку Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу РСМ и Меѓународна банка за обнова и развој-Светска банка со број 9034-МК од 23.12.2019 и број 9210-МК од 01.07.2022 год.

**Член 2**

Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 8.169.200,00 денари.
Општина Демир Капија е корисник на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу РСМ и Меѓународна банка за обнова и развој-Светска банка со број 9034-МК од 23.12.2019 и број 9210-МК од 01.07.2022 год., Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за заем за Проектот за поврзување на локални патишта (Сл.веснк на РСМ бр.33 од 10.02.2020) и Меморандумот за разбирање бр.10-279/1 од 02.03.2020 година потпишан помеѓу Општина Демир Капија и Министерство за транспорт и врски.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија"

Број 08 – 324/5
31.05.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за давање на трајно користење на Мултифункционална машина за чистење (метларка) на ЈПК БОШАВА Демир Капија**

Се објавува Одлука за давање на трајно користење на Мултифункционална машина за чистење (метларка) на ЈПК БОШАВА Демир

Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/4 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXXIV седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање на трајно користење на Мултифункционална машина за чистење (метларка) на ЈПК БОШАВА Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Демир Капија му дава на трајно користење на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија, мултифункционална машина за чистење (метларка) со следните карактеристики:

1. **Мултифункционална машина за чистење (метларка)**
   Марка: **Green Machines**
   Модел: **Специјално возило за чистење на јавни сообраќајни површини**
   Тип: **636**
   Комерцијална ознака: **636**
   Идентификациски број на возилото: **U19Y608H1RVGMV002**
   Маса на возилото (kg): Најголена / Најмала **2550 / 1980**
   Категорија на возило: **Мобилна машина за метење на улици**
   Облик и намена на каросеријата:
   Тип на мотор: **Kubota V1505-CR-T-EW02**
   Зафатнина на мотор (cm $^3$): **1498**
   Силина мотор (kW): **32.5**
   Вид на гориво: **Дизел**
   Идентификациски број на моторот: **FNU0490**
   Шасија: **U19Y608H1RVGMV002**
   Мотор со издувни гасови: **TIER 4**
   Година на производство: **2024**

**Член 2**

Движната ствар од член 1 се дава на трајно користење без надомест на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се обврзува Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија, да го внесе возилото од член 1 од оваа одлука во евиденција на основни средства на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/6 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за траен отпис на даночно побарување од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за траен отпис на даночно побарување од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/5 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со член 85-а од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21) и член 16 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), Советот на Општина Демир Капија на XXXIV седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За траен отпис на даночно побарување од евиденцијата во даночните обврски на Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука, согласно евиденцијата од регистарот на базата на податоци во даночните обврски на Општина Демир Капија, се врши траен отпис на даночно побарување по основ на комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија, во вкупна вредност од **5.800,00 денари**.

**Член 2**

Отписот на побарувањето од член 1 утврдено со Извештајот за извршениот попис во Општина Демир Капија за 2023 година се врши поради погрешно утврдена комунална такса.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 324/7
31.05.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година**

Се објавува Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/6
04.06.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020 и 111/23), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година**

Член 1

Со оваа програма се врши измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година (Сл.гласник на Општина Демир Капија бр.15/2023 и бр.2/2024).

Член 2

Во програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2024 година,

- Во глава **V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** се додаваат две нови точки кои гласат:

  **20. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на 33 kV далновод, од локација на ТС 110/35 kV на КП 414 и КП 415 КО Тремник, Општина Неготино, до ФЕЦ Прждево, КО Прждево, Општина Демир Капија**

  **21. Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.1 и ГП 1.2 од Измена на детален урбанистички план за дел од ДУП Попова Кула, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 324/8
31.05.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2024 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2024 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/7 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Демир Капија на XXXIV седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за првиот квартал 2024 година**

1. Советот на Општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за првиот квартален период 2024 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/9 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/8 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на 31.05.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 7 "Предлог-Заклучок за усвојување на Квартален извештај за проектот "Воспоставување на Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство''.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 324/10 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница, што Советот на

Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/9 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-301/1 од 30.04.2024 година од Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница, Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување финансиски средства на Фудбалски клуб МЛАДОСТ с.Корешница**

**1.** Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **30.000,00 денари** на Фудбалски Клуб МЛАДОСТ с.Корешница, кои средства ќе бидат искористени за одржување на турнир во мал фудбал.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година, Програма L00 подставка 463 120 – трансфери до спортски клубови, на сметка 270076083060149.

**3.** Фудбалскиот клуб да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/11 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/10 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-341/1 од 27.05.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **АМДИ УСИНОВ** од с.Корешница, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 250030000291934 на лицето Амди Усинов од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/12 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на

Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/11 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-331/1 од 20.05.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **СНЕЖАНА СИМИТЧИЕВА** од Демир Капија ул.Првомајска бр.24, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501610075598 на лицето Снежана Симитчиева од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/13 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/12 Градоначалник на
04.06.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-320/1 од 17.05.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **ЕРКИН БАРИОВ** од с.Бистренци, заради лекување во земјата (дефектолошки третман) на неговиот син Мехметфатих Бариов.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 270700070764844 на лицето Еркин Бариов од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/14 Претседател на Совет на
31.05.2024 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/13
04.06.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-236/1 од 22.03.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **БИЛЈАНА ВЕЛКОВА** од Демир Капија ул.Маршал Тито бр.6Г, заради лекување во земјата на нејзината ќерка Радица Димитрова.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210501607142318 на лицето Билјана Велкова од Буџетот на општина Демир Капија, програма А00 ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/15
31.05.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 31.05.2024 година.

Број 09–365/14
04.06.2024 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ“ бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.03-55/1 од 28.05.2024 година, Советот на Општина Демир Капија на XXXIV-та седница одржана на ден 31.05.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

**1.** По барање на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **300.000,00 денари**.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2024 година, програма К20 потставка 464 990 – други трансфери, и истите да бидат наменски искористени за организирање на Фестивал "Без рамка" Демир Капија 2024 год.

**3.** До советот да достави извештај за тоа каде се потрошени доделените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 324/16
31.05.2024 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Оливер Недев с.р.

---